ГЕВГЕЛИЈА




ISO 9001
Q-1441

**30.05.2025-Петок**

## ПРОТОКОЛ



**63. седница на Советот на Општина Гевгелија на 4 јуни**

Советот на Општина Гевгелија, на 4 јуни 2025 година, ќе ја одржи својата 63. седница, во Малата сала на Народниот театар-Гевгелија, со почеток во 10:30 часот. За работа на седницата, е предвиден следниот дневен ред:

1. Предлог-Одлука за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година;
2. Предлог-Одлука за подигање спомен-обележје - биста на д-р Александар Сингер;
3. Предлог-Одлука за формирање Одбор за подигање спомен-обележје - биста на д-р Александар Сингер;
4. Предлог-Решение за именување претседател и членови на Комисијата за распределба на недвижен имот- простории во сопственост на Општина Гевгелија без надоместок од страна на Здруженија на граѓани, фондации и сојузи со седиште во општина Гевгелија;
5. Предлог-Одлука за донесување техничка исправка во УПС Прдејци, општина Гевгелија (Одлука бр. 09-1864/1 од 24.07.2015) за ГП 3.2 И ГП 14.13;
6. Предлог- Одлука за определување ширина на крајбрежен појас на водотек, канал Рауљ во град Гевгелија за дел од ДУП за Блок 10 (10.5, општина Гевгелија;
7. Предлог-Одлука за определување крајбрежен појас на големи води на крак од канал Рауљ во границите на ГУП на град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год. (Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012 год.);
8. Информација за состојбата со постапување по барања за утврдување правен статус на бесправноизградени објекти во општина Гевгелија;
9. Информација со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија;
10. Информација за состојбата со општинскиот линиски превоз на патници во општина Гевгелија и информација за состојбата со авто-такси превозот на патници во општина Гевгелија.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk




ISO 9001
Q-1441

**30.05.2025-Петок**

# НАСТАНИ




## Со "Распеана чаршија" вечерва завршува културното одбележување на Спасовден

Културното чествување на Вознесение Христово-Спасовден 2025 година, во рамки на програмата за „Гевгелија град на култура за 2025 година“, денеска (30 мај 2025 година), ќе заврши со одржувањето на традиционалната вечер на староградски песни и музика „Распеана чаршија“. Пред платото на Народниот театар- Гевгелија, со почеток во 19:00 часот, ќе настапат културно-уметничките друштва: „Распеани гевгеличани“- Гевгелија, „Распеани валандовчани“- Валандово, Здружението на пензионери „Сава Михајлов“- Гевгелија, „Распеани струмичани“- Струмица и Вокалната група „Ѓердан“ од Штип.

Пред да се распосла звукот на староградската музика и песна, годинешните учесници на „Распеана чаршија“ ќе го најават нејзиното одржување со дефиле, кој ќе започне во 18:00 часот, поканувајќи ги граѓаните да присуствуваат на вечерната програма.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

## ИНФОРМАЦИИ



**Со молитва за здравје и спасение одржана Златоустовата литургија заа Спасовден**

Во служба на свештениците од Гевгелиското архиерејско намесништво, во манастирот „Св. Спас“ во Гевгелија беше одржана свечена Златоустова литургија за големиот христијански празник- Вознесение Христово, Спасовден.

Со светиот чин началствуваше архиерејскиот намесник- протоерей ставрофор Љупче Миланов, во присуство на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов и голем број верници. Со молитви за здравје и спасение на граѓаните на општината беше благословен празничен колач.

- Овој светол ден во христијанството, празникот што Гевгелија и манастирот „Св. Спас“ го слават како свој патрон, нека донесе здравје, мир и спокој во секој дом- порача градоначалникот Сарамандов во честитката по повод славењето на патронот на градот.






**30.05.2025-Петок**




## Гевгелија низ историјата и сегашноста: Промовирани документарните филмови "Моја Гевгелија"

Низ окото на Здружението на граѓани „Од станица до граница“, со видеорепортажи беше претставена Гевгелија. На 29 мај 2025 година, во Угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, во присуство на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов и голем број граѓани, беа промовирани документарни филмови под насловот „Моја Гевгелија“, посветени на културното и архитектонско наследство на градот. Настанот, во рамки на програмата за „Гевгелија град на култура“ и одбележувањето на Спасовден, беше организиран од страна на Здружението на граѓани „Од станица до граница“, а зад креативната реализација стојат авторите Тони Аврамов и Васко Трајков.

Преку видеорепортажите присутните имаа можност да ја проследат визуелната хроника на некои од најзначајните монументални градби и објекти во Гевгелија, но и да ја почувствуваат живата меморија на познатата гевгелиска улица- „Од станица до граница“. И, тоа на: гевгелискиот Амам и Старата чаршија, Национална установа Музеј и археолошкиот локалитет „Вардарски Рид“, манастирот „Свети Спас“ и црквата „Свети Кирил и Методиј“ и Библиотеката „Гоце Делчев“.

Проектот, поддржан од Општина Гевгелија преку годинешниот Самостоен повик за финансирање проекти на невладини организации, претставува уникатна иницијатива за дигитална афирмација на локалната историја, урбаното наследство и колективната меморија на Гевгелија. Документарните филмови не само што го архивираат минатото туку и го претставуваат во современ контекст како ресурс за развој на туризмот- потсетник на богатството што Гевгелија го носи во своето културно ткиво. Со оваа премиера, како и видеата коишто ќе останат трајно сведоштво, Гевгелија доби уште една платформа за афирмација на своето духовно, културно и урбано богатство- приказна испреплетена со слики, зборови и емоции.



**30.05.2025-Петок**



**<u>Отворена Годишната изложба на ДЛУГ</u>**

Во уметничката галерија „Амам“, вчеравечер (29 мај 2025 година), во рамки на чествувањето на Св. Спас и програмата за „Гевгелија град на културата за 2025 година“, беше отворена традиционалната Годишна изложба на Друштвото на ликовни уметници од Гевгелија. За жал, годинешната изложба е посветена на Сотир Хаџи-Николов, чиј живот згасна пред нејзиното отворање. Со едноминутно молчење, неговите колеги од НУ Музеј- Гевгелија и членови на ДЛУГ му оддадоа последна почит, а за неговиот живот и дело зборуваше претседателот, м-р по вајарство Александар Јанев. Изложбата ја отвори директорот на НУ Музеј- Саша Јованов, а осврт кон поставката даде советник кустосот и историчар на уметност- вработениот Александар Каракабаков.

- Континуираната репрезентација на избраните годишни остварувања на уметниците од Друштвото ја резултира оваа потполно хетерогена експозиција, со обединувачки карактер виден во дефираната временска рамка и разновидноста на изложените ликовни остварувања како носечки концепт во еден вид резиме на актуелните тековни интереси и активности на гевгелиската ликовна сцена. И она на што наидува опсерваторот е импозантен преплет на- експресионистичка сила, импресиониран реализам, апстрактна поетика, симболика, игра со линијата и формата, лирска деликатност, надреалистичка, нестварна фантастика и концептуална интервенција- стилистички ориентации на уметничките идентитети вметнати во композиии со истенчен цртачки и колористички мултимедијален израз што одразуваат различности, но и хармонично се надополнуваат- истакна Каракабаков.

Изложбата се состои од 20 дела на: Александар Јанев, Јордан Јанев- Дане, Дамјан Ѓуров, Елена Ѓурова, Михаил Петров, Гордана Петрова, Ана Петрова, Адриана Манчева, Атанас Крстов, Мирјана Крстева Массетти, Никола Бутров, Вангел Срнаков, Розета Картова, Сотир Хаџи-Николов, Анамарија Митриќеска Кал`чева, Иван Кал`чев, Перо Кованцалиев, Горан Јованов и Фиљо Танов.

ГЕВГЕЛИЈА




ISO 9001
Q-1441

**30.05.2025-Петок**



**Панаѓурската ноќ во ритамот на културата- Танц и џез под ѕвездите на Гевгелија**

По повод чествувањето на заштитникот на градот - Св. Спас, на 28 мај 2025 година, Гевгелија, на денот на панаѓурот, Општина Гевгелија ја прослави својата слава со културна вечер исполнета со танцова уметност и врвна џез-музика.
На Градскиот плоштад, вечерната програма започна со динамичен перформанс на Танцовото студио „Мистик“ од Гевгелија. Со поставени кореографии на урбана музика, младите танчери од сите возрасни групи ги претставија креативноста на современиот танц и магијата на уметничкиот ритам.

Веднаш по нив, сцената ја презедоа звуците на џезот. Во духот на празничната вечер и во чест на францускиот џипси-џез великан Џанго Рајнхарт, беше одржан концерт под наслов „Трибјут кон Џанго Рајнхарт“. Честа да го изведат овој музички омаж им припадна на четворица врвни џез-музичари: гевгеличанецот Филип Динев (гитара), Иван Иванов (кларинет), Оливер Јосифовски (контрабас) и Ристо Ивановски (гитара).

Во синергично споените звуци на гитара, кларинет и контрабас, посетителите уживаа во вечер исполнета со музика што го надминува времето и границите. Овој концерт беше вистинско културно збогатување на спасовденската програма во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**30.05.2025-Петок**



**Керамика, култура, креација- "Етно панаѓур"**

На 26 и 27 мај 2025 година, во рамки на програмата „Гевгелија град на културата за 2025“ и во чест на празникот Спасовден, ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија ги отвори вратите за љубителите на традицијата, уметноста и занаетчиството, со одржувањето на уникатниот културен настан „Етно панаѓур“.

Овој дводневен панаѓур не беше само обична изложба, туку жив амбиент што го претвори холот на институцијата во уметничка населба со душа- исполнета со автентични ракотворби, непосредни средби и топла енергија. Во фокусот на настанот, беше изложбата на креативните дела од глина и акварел, изработени од вајар-керамичарот Гордана Николовска Петрова и уметниците Славица Бошковска, Менче Костадинова и Ана Петрова. Нивните рачно моделирани грнчарски садови, украсни предмети и декоративни творби ја воодушевија публиката со својот квалитет, естетика и автентичност. Посетителите не беа само набљудувачи, туку и активни учесници. Имаа можност одблиску да ја следат демонстрацијата на изработка со глина, да се запознаат со алатките и техниките што се користат, па дури и самите да се обидат да создадат нешто со свои раце. На тој начин, се поврзаа со еден стар занает кој успешно одолева на времето и продолжува да инспирира нови генерации.

„Етно панаѓурот“ ја потврди мисијата на Пионерскиот дом како активен носител на културниот живот во градот и место каде што традицијата и современото творештво се спојуваат на природен и инспиративен начин. Интересот и позитивните реакции од посетителите се уште еден доказ дека Гевгелија со право го носи епитетот- град на културата.
- град на културата.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk